Врз основа на членот 85 став (1) од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 102/2019), а по прибавено позитивно мислење од Врховниот суд на Република Северна Македонија, Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на 06.09.2021 година, ја донесе следнава

# МЕТОДОЛОГИЈА СО ИНДИКАТОРИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СЛОЖЕНОСТ НА ПРЕДМЕТИТЕ

## 1. Индикатори за сложеност на предметите

Член 1

(1) Предмет на Методологијата со индикатори за утврдување на сложеноста на предметите (во натамошниот текст: Методологија за сложеност), е утврдување на сложеноста на секој поединечен судски предмет во граѓанската, кривичната и управната област во сите степени на судска надлежност, како и во постапките за повреда на правото на судење во разумен рок.

(2) Методологијата пропишува индикатори врз основа на кои се утврдува степенот на сложеност на судските предмети според правната област, сложеноста на материјата и видот на судовите, како и според степенот и стварната надлежност.

Член 2

Целта на оваа методологија е да му овозможи на Судскиот совет на Република Северна Македонија преку утврдување на сложеноста и засметаното ефективно време на работа на судијата на секој поединечен судски предмет, утврдено од страна на Судскиот совет согласно членот 79 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, да донесе одлука за утврдување ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно во текот на една година.

Член 3

Методологијата опфаќа процесни индикатори коишто условуваат квалитативни и квантитативни разлики во опфатот на процесните дејствија што треба да бидат преземени во различните фази од постапувањето, различното својство на судијата во текот на постапувањето и одлучувањето за претходни прашања односно за главната работа, различните облици на состав на судот при постапувањето и одлучувањето, одлучување при донесување процесни решенија и одлуки, решенија на коишто странките може да вложат правен лек, изработка на судски одлуки од различни видови, постапување по жалби, вонредни правни лекови и преземање на други дејствија односно донесување одлуки по основ на користење на правните основи за заштита на правата на странките во постапката.

Член 4

Правните области кои ги дефинира Методологијата се засновани на надлежностите на судовите дефинирани во Законот за судовите, а во корелација со процесните одредби на Законот за парничната постапка, Законот за кривичната постапка како и со Законот за управните спорови.

Член 5

Процесните индикатори се засновани врз основа на процесните претпоставки предвидени во процесните закони по кои се водат судските постапки. Оттука процесните индикатори во судските предмети во граѓанската област се дефинирани согласно Законот за парничната постапка во кривичната област се дефинирани согласно Законот за кривичната постапка додека во управната област се дефинирани согласно Законот за управните спорови.

Член 6

Сложеноста на подобластите во секоја правна област и тежининскиот фактор на одделните процесни индикатори се засноваат врз мислење на судиите во Република Северна Македонија, искажано преку структуриран прашалник и широки консултации.

Член 7

Со цел правилна оцена на сложеноста на предметите, методологијата се заснова врз параметрите утврдени во член 85 став 1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија:

- Правна област,
- Сложеноста на материјата
- Видот на судовите
- Судската инстанца на постапување
- Стварната надлежност на судовите пропишана согласно Законот за судовите

Член 8

Методологијата за сложеност содржи индикатори за следниве правни области (според азбучен ред на областа):

- Граѓанска област
- Кривична област
- Управна област

Член 9

(1) Судските предмети се разликуваат според сложеноста не само во различните правни области, туку и во рамките на подобластите односно одделните фази во постапувањето во една иста правна област.
(2) Врз сложеноста на судски предмет влијаат правните прашања, фактичката состојба, примена на материјалното право, обемот, квалитетот и природата на доказниот материјал, начинот и својството на постапување и одлучување на судот, но и користењето на процесните можности од странките во постапката, учеството на трети лица, меѓународни аспекти и другите обележја на судските предмети кои се утврдени со оваа Методологија.

Член 10

Согласно Методологијата, сложеноста на предметите ќе се определува преку вкрстување на вредностите на:

а) Коефициент на сложеност на подобласт во секоја од областите со вредност помеѓу 1 до 3 (наједноставно до најсложено).
б) Тежинскиот фактор на секој одделен процесен индикатор што го означува влијанието на соодветниот индикатор врз сложеноста на предметот со вредност помеѓу 1 до 10 (најмало до најголемо).
в) Бројот на процесните индикатори во секој одделен предмет верификуван со секоја одлука на судот.
г) Квантитативната рамка на процесниот индикатор се степените на сложеност на процесните индикатори. Секој степен е број помеѓу 1 и 3 и претставува оценка за сложеноста на индикаторот според соодветните услови во предметот (едноставен, сложен и многу сложен).
д) Нивото на сложеност на предметот претставува квантитативна мерка за сложеност меѓу 1 и 10 која зависи исклучиво од параметрите на судскиот предмет и горенаведените параметри

Член 11

Методологијата за сложеност во граѓанската и кривичната област утврдува:

- Сложеност на одделните подобласти во рамките на граѓанската односно кривичната област, при што во секоја од подобластите се наведени и шифрите од уписниците според Судскиот деловник за односната подобласт
- Идентификувани процесни индикатори за
    - Основните судови
    - Апелационите судови
    - Врховниот суд на Република Северна Македонија
- Секој процесен индикатор е индивидуализиран според два критериума:
    - Тежински фактор на индикаторот
    - Квантитативните рамки коишто содржат три нивоа на сложеност: едноставен, сложен и многу сложен

Член 12

Методологијата за сложеност во управната област утврдува:

- Сложеност на одделните подобласти во рамките на управната област, при што во секоја од подобластите се наведени и шифрите од уписниците според Судскиот деловник за односната подобласт
- Идентификувани процесни индикатори за
  - Управниот суд
  - Вишиот управен суд
- Секој процесен индикатор е индивидуализиран според два критериума:
  - Тежински фактор на индикаторот
  - Квантитативните рамки коишто содржат три нивоа на сложеност: едноставен, сложен и многу сложен

Член 13

Методологијата за оценување на сложеност на предметите во однос на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок по кое постапува Врховниот суд на Република Северна Македонија согласно Законот за судовите, во секоја од наведените правни области се утврдува идентично со сложеноста на подобласта – вонредни правни лекови и тежинските фактори на процесните индикатори што се однесуваат на постапувањето во трет степен.

Член 14

(1) Согласно Методологијата, степенот на сложеноста на секој поединечен судски предмет може да се менува од прием на предметот до завршување на постапувањето во зависност од промени коишто влијаат врз релевантните фактички, правни или процесни аспекти поврзани со предметот.

(2) Сложеноста во текот на постапувањето може да се зголемува или намалува во зависност од дефинираните параметри за нејзино пресметување.

Член 15

Подобласти во граѓанската област, шифрите од уписниците од секоја област и оцената на сложеноста на подобластите (вредност од 1 до 3) се претставени на табелата подолу:

| ГРАЃАНСКА ОБЛАСТ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Подобласт: | Шифри од уписници (прв степен) | Оцена на сложеност | Шифри од уписници (втор степен) | Оцена на сложеност | Шифри од уписници (трет степен) | Оцена на сложеност |
| Парнична постапка/имотни спорови; Постапка во семејни спорови; Постапка за | П1<br>П3<br>П2<br>П4<br>ПЛ<br>ПЛ-ТС<br>ПЛ1-П | 3 | ГЖ<br>Р | 3 | РЕВ2<br>Р | 3 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| утврдување граѓанска одговорност за навреда и клевета; Мобинг; Дискриминација | ПЛ1-ТС<br>ПЛЖ<br>ППОВ<br>ПЛПОВ<br>МВПОВ<br>МВТСПОВ<br>МАЛВП<br>МАЛВТС<br>МАЛВПЛ1-П<br>МАЛВПЛ1-ТС<br>РП<br>РПЛ<br>ПИ<br>ППНИ<br>ИДС<br>ИЗС | | | | | |
| Работни спорови | РО<br>РО<br>ПОВ<br>РРО | 2 | РОЖ | 2.3 | РЕВ3 | 2.5 |
| Трговски спорови | ТС<br>ТС1<br>ТСПОВ<br>РТС | 3 | ТСЖ | 2.7 | РЕВ1 | 3 |
| Вонпарнична постапка | ВПП<br>ВПП2<br>ОДС<br>ИПК<br>ВПП1<br>О<br>О1<br>ОНАД<br>РВПП<br>ЗАВ<br>ЗАВ1<br>ЗАВ-С<br>ЗАВ-Х<br>ПСО<br>ПСО-1<br>ПОМ<br>ЗАМ-С<br>ЗНД<br>РПП<br>РСВЗРГ | 1.5 | | 1.7 | | 1.5 |
| Стечајна постапка | СТ<br>СТС<br>Л | 3 | | 2.6 | | 2.8 |

Член 16

Подобласти во кривичната област, шифрите од уписниците од секоја област и оцената на сложеноста на стадиумите во постапувањето односно различните облици на постапки (вредност од 1 до 3) се претставени на табелата подолу:

| КРИВИЧНА ОБЛАСТ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Стадиум од постапување/ Посебен облик на постапка | Шифри од уписници (прв степен) | Оцена на сложеност | Шифри од уписници (втор степен) | Оцена на сложеност | Шифри од уписници (трет степен) | Оцена на сложеност |
| Претходна постапка/оцена на обвинителен акт од страна на судија за оцена на обвинителен акт/Казнен налог | ОИД<br>К-ПП<br>КНЗД<br>ОИДОК<br>КОК-ПП<br>ОКНЗД<br>УОСК<br>КРИ<br>КРП<br>КРИОК<br>КРПОК | 2 | | 1.8 | | 2 |
| Оцена на обвинителен акт од страна на совет за оцена на обвинителен акт/Главна расправа | К<br>КР<br>ЗАМ-К<br>КС<br>КСП<br>КС-КР<br>КП<br>КУК<br>ЕК<br>УО<br>КПОВ | 3 | КЖ<br>КР<br>КСЖ | 2.7 | КЗЗ<br>ВКЖ<br>ВУК<br>КВП<br>КР | 3 |
| Организиран криминал | КОК-ООА<br>КОК<br>КИОК-КС<br>КСП-КОК<br>КОК-КР<br>КОК-УОПК<br>КОК-КП<br>КОК-KSK<br>КОК-ЕК<br>КОК-ПОВ | 3 | КОКЖ | 2.6 | КВП-КОК1<br>КВП_КОК2 | 3 |
| Постапка спрема деца | КМ<br>КРМ | 2 | КЖМ | 1.7 | | 2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | КСМ<br>КПМ<br>УО-КМ | | | | | |
| Прекршочна постапка | ПРК-С<br>ПРК-Ј<br>ПРК-О<br>ПРК-М<br>ПРК-Р<br>ПРК-ПОВ | 1.8 | ПРКЖ | 1.7 | | 1.2 |
| Извршување на санкции | КУИКП<br>КУИКМ<br>ИКП<br>ИПРК<br>ПК<br>ИСАМ<br>ИОИП | 1,5 | | 1.3 | | 1 |
| Други посебни постапки согласно ЗКП | | 2 | | | СЛК<br>СЛКП | |

Член 17

Подобласти во управата област, шифрите од уписниците од секоја област и оцената на сложеноста на подобластите (вредност од 1 до 3) се претставени на табелата подолу:

| УПРАВНА ОБЛАСТ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Подобласт | Шифри од уписници (прв степен) | Оцена на сложеност | Шифри од уписници (втор степен) | Оцена на сложеност |
| Концесии | У-6 | 2.8 | | 3 |
| Јавни набавки | У-5 | 2.7 | | 2.7 |
| Даноци | У-5 | 2.6 | | 2.5 |
| Денационализација | У-2 | 2.6 | | 3 |
| Имотно правна област, катастар, образование | У-1<br>У-3 | 2.3 | УЖ-1<br>УЖВМ-1<br>УИЖ-1 | 3 |
| Царини | У-6 | 2.2 | УЖ-3<br>УЖВМ-3<br>УИЖ-3 | 2.5 |
| Права од пензиско и инвалидско осигурување и други права | У-4 | 2.0 | УЖ-2<br>УЖВМ-2<br>УИЖ-2 | 3 |
| Прекршоци | УПР | 2.2 | УПРЖВМ | 2.2 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | УПРЖ | |
| Други посебни постапки согласно ЗУС | УРП<br>УСПИ<br>УИ | 2.8 | УРП<br>УРПЖ<br>УПОВ | 3 |

Член 18

Во однос на заштитата на правото на судење во разумен рок, шифрата од уписникот и оцената на сложеноста се претставени на табелата подолу:

| СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК | | |
|---|---|---|
| | Шифри од уписник | Оцена на сложеност |
| Одлучување во постапката за повреда на правото на судење во разумен рок | ПСРРГ<br>ПСРРК<br>ПСРРУ<br>ПСРРЖ | 3 |

Член 19

Во зависност од различните процесни индикатори специфични за секоја судска инстанца од постапувањето, оцената на сложеноста на предметот се врши индивидуално во секоја одделна инстанца.

Член 20

Процесните индикатори за секоја правна област имаат различен тежински фактор во зависност од судската инстанца во која се постапува

Член 21

Тежински фактор на процесните индикатори во граѓанската материја, според судската инстанца се поделени на следниов начин:

- Процесни индикатори за постапување на основните судови:

| Назив на индикаторот | оцена на тежина (1 најмала- 10 најголема) |
|---|---|
| Број на сведоци со престојувалиште во странство | 8 |
| Вид на донесена одлука | 8 |
| Број на тужени лица | 8 |
| Број на тужбени барања | 8 |
| Број на барања за вештачења | 8 |
| Број на сведоци/дигитални докази/ снимки/видео конференција | 8 |

| | |
|---|---|
| Начин на прибавување на писмените докази | 7 |
| Број на писмени докази | 7 |
| Учество на трети лица во постапка | 7 |
| Својство на одлучување на судијата | 7 |
| Број на тужители | 7 |

- Процесни индикатори за постапување на апелационите судови:

| Назив на индикаторот | оцена на тежина (1 најмала- 10 најголема) |
|---|---|
| Начин на одлучување | 9 |
| Својство на одлучување | 8 |
| Број на жалби | 8 |
| Совет за граѓански дела | 8 |
| Други дејствија/Одлуки | 7 |
| Одговор на жалба | 6 |

- Процесни индикатори за постапување на Врховнот суд на Република Северна Македонија:

| Назив на индикаторот | оцена на тежина (1 најмала- 10 најголема) |
|---|---|
| Начин на одлучување | 10 |
| Одлучување по ревизијиа | 10 |
| Вонредни правни лекови/Разумен рок | 10 |
| Други дејствија/Одлуки/постапувања согласно чл. 37 од Законот за судовите | 10 |

Член 22

Тежински фактор на процесните индикатори во кривичната материја, според судската инстанца се поделени на следниов начин:

- Процесни индикатори за постапување на основните судови:

| Назив на индикаторот | оцена на тежина (1 најмала- 10 најголема) |
|---|---|
| Број на деца жртви | 8 |
| Сведоци/Заштитени сведоци/Дигитални докази/Снимки/Видео конференција | 8 |
| Меѓународна соработка | 8 |
| Број на обвинети | 8 |
| Број на извршени кривични дела/продолжено кривично дело | 7 |

| | |
|---|---|
| Начин на одлучување | 7 |
| Број на вештачења/технички советници | 7 |
| Својство на одлучување | 7 |
| Процесни дејствија | 6 |
| Писмени докази | 6 |
| Број на оштетени | 6 |
| Извршување на санкции | 5 |

- Процесни индикатори за постапување на апелационите судови:

| Назив на индикаторот | оцена на тежина (1 најмала- 10 најголема) |
|---|---|
| Број на жалби | 8 |
| Начин на одлучување | 8 |
| Кривичен совет | 8 |
| Својство на одлучување | 7 |
| Одговор на жалба | 5 |
| Други дејствија/Одлуки | 5 |

- Процесни индикатори за постапување на Врховнот суд на Република Северна Македонија:

| Назив на индикаторот | оцена на тежина (1 најмала- 10 најголема) |
|---|---|
| Други дејствија/Одлуки/ постапувања согласно чл. 37 од Законот за судовите | 10 |
| Вонредни правни лекови/Разумен рок | 10 |
| Начин на одлучување | 10 |
| Жалба на второстепена пресуда | 10 |

Член 23

Тежински фактор на процесните индикатори во управната материја, според судската инстанца се поделени на следниов начин:

- Процесни индикатори за постапување на Управниот суд:

| Назив на индикаторот | оцена на тежина (1 најмала- 10 најголема) |
|---|---|
| Одлуки | 10 |
| Писмени докази/исправи | 9 |
| Начин на одлучување | 9 |
| Својство на одлучување | 9 |
| Вонреден правен лек/Повторување на постапка | 8 |
| Број на вештачења | 7 |

| | |
|---|---|
| Сведоци/Дигитални докази/ Снимки/ Видео конференција | 7 |
| Број на заинтересирани лица | 6 |
| Извршување на одлука | 6 |
| Број на тужители | 6 |
| Број на тужби | 6 |
| Претходно правно прашање | 4 |

- Процесни индикатори за постапување на Вишиот управен суд:

| Назив на индикаторот | оцена на тежина (1 најмала- 10 најголема) |
|---|---|
| Одлуки | 10 |
| Број на жалби | 9 |
| Својство на одлучување | 9 |
| Одговор на жалба | 9 |
| Начин на одлучување | 9 |

Член 24

Нивото на сложеност на процесните индикатори, која зависи од квантитативни односно квалитативни специфики, начинот и својството на постапување и одлучување односно видовите одлуки и другите дејствија што се преземаат, и се определува според правната област и според степенот на постапување.

- Индикатори од граѓанска област во прв, втор и трет степен на постапување:

| ГРАЃАНСКА ОБЛАСТ | | | |
|---|---|---|---|
| Назив на индикаторот | Ниво на сложеност | | |
| | Едноставен | Сложен | Многу сложен |
| Постапување во прв степен | | | |
| Број на сведоци со престојувалиште во странство | до 1 | 2 до 3 | над 3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на донесена одлука | Решение за привремена мерка за обезбедување/ Решение за отфрлање на тужба/ Пресуда поради неподнесување одговор на тужба/ Пресуда врз основа на признание/Пресуда поради изостанок/Решение за прекин на постапката | Делумна пресуда/ Меѓупресуда/ Судско порамнување | Пресуда |
| Број на тужени | 1 до 2 | 3 до 5 | над 5 |
| Број на тужбени барања | 1 до 2 | 3 до 5 | над 5 |
| Број на вештачења | 1 до 2 | 3 до 5 | над 5 супервештачење |
| Сведоци/дигитални докази/ снимки/видео конференција | 1 до 3 | 4 до 7 | над 7 |
| Начин на прибавување на писмените докази | Исправи доставени од странки | Прибавување исправи од трето лице/ друг државен орган | Меѓународна соработка |
| Број на писмении докази | 1 до 8 | 9 до 15 | над 15 |
| Учество на трети лица | 1 до 2 | 3 до 5 | над 5 |
| Својство на одлучување | Судија поединец | Претседател на совет (без учество на судии поротници) | Претседател на совет со двајца судии поротници |
| Број на тужители | 1 до 2 | 3 до 5 | над 5 |
| Постапување во втор степен | | | |
| Начин на одлучување | Нејавна седница | Одржана јавна расправа (седница) | одржана расправа по претходно укината првостепена одлука |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Својство на одлучување | Член на совет на одржана нејавна седница | Судија известител на совет на одржана јавна седница/Член на совет на одржана расправа | Претседател на совет<br><br>Судија известител на совет на одржана расправа по претходно укината првостепена одлука |
| Број на жалби | 1 до 2 | 3 до 5 | над 5 |
| Совет на граѓански дела | Одлуки по жалба по приговор против ППНИ (1-2 лица) | Одлуки по жалба (3-5 лица) | Одлуки по жалба (над 5 лица) |
| Други дејствија/одлуки | ненавремена/ недозволена жалба /адм. | решение | Пресуда |
| Одговор на жалба | 1 до 2 | 3 до 5 | над 5 |
| Постапување во трет степен | | | |
| Начин на одлучување | седница на совет | седница на оддел | одлучување на општа седница |
| Одлучување по ревизија | отфрлање на ревизија | Усвоен правен лек и укината првостепена и/или второстепена пресуда/Одбивање на ревизија | Преиначена првостепена и/ или второстепена пресуда |
| Вонредни правни лекови | | Барање за утврдување на повреда на судење во разумен рок/Ревизија | Ревизија по исклучок/ Ревизија по повторно одлучување/ Жалба по одлука за судење во разумен рок |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Други дејствија/одлуки | Приговори/ УСПИЖ | Одлуки во Комисија по жалби на одлуки на ССРСМ/ Усвојување на правно мислење на оддел | Утврдување начелен став или начелно правно мислење |

- Индикатори од кривичната област во прв, втор и трет степен на постапување:

| КРИВИЧНА ОБЛАСТ | | | |
|---|---|---|---|
| Назив на индикаторот | Ниво на сложеност | | |
| | Едноставен | Сложен | Многу сложен |
| Постапување во прв степен | | | |
| Број на деца жртви | 1 до 2 | 3 до 5 | над 5 |
| Сведоци/заштитени сведоци/дигитални докази/видео конференција | 1 до 3 | 4 до 7 | над 7 |
| Меѓународна соработка | Меѓународна правна помош | екстрадиција | Финансиски истрага |
| Број на обвинети | 1 до 2 | 3 до 5 | над 5 |
| Број на извршени кривични дела/продолжено кривично дело | 1 до 2 | 3 до 5 | над 5 |
| Начин на одлучување | Инокосно одлучување (судија поединец, судија за оцена на обвинителен акт, судија за деца, судија на претходна постапка) | Седница на совет | Одржано рочиште |
| Број на вештачења/технички советници | 1 до 2 | 3 до 5 | над 5 супервештачење |
| Својство на одлучување | Член на совет/ Подготвителна постапка | Судија известител/ претседател на совет (1+2)/ совет за деца | Судија известител/ претседател на совет (2+3) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | спрема деца | | |
| Процесни дејствија | Решение за запирање/ одбивателна пресуда | Пресуда врз основа на признание/ Ослободителна пресуда | Осудителна пресуда |
| Број на писмени докази | 1 до 8 | 9 до 15 | над 15 |
| Број на оштетени | 2 до 4 | 5 до 8 | Над 8 |
| Изрекување санкции | Алтернативни мерки<br>Мерки на безбедност<br>Прекин на казната затвор<br>Парична казна | Казна затвор<br>Одлагање на казната затвор | |
| Постапување во втор степен | | | |
| Број на жалби | 1 до 2 | 3 до 5 | над 5 |
| Начин на одлучување | седница | одржана јавна седница | одржана расправа |
| Кривичен совет | | Одлуки по жалба за притвор | Меѓународна соработка |
| Својство на одлучување | Член на совет | Судија известител/ Претседател на совет (1+2) | Судија известител/ Претседател на совет (2+3) |
| Одговор на жалба | 1 до 2 | 3 до 5 | над 5 |
| Други дејствија/одлуки | ненавремена/ недозволена жалба /адм. | Решение за укинување | Пресуда по одржана расправа/ пресуда за потврдување/ преиначување/повеќе одлуки во еден акт |
| Постапување во трет степен | | | |
| Други дејствија/одлуки | ненавремена/ недозволена жалба или ВПЛ/адм | ПИМ/ Правно мислење на оддел | Начелен став или начелно правно мислење |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вонредни правни лекови | | ВППП/БЗЗ/ Барање за утврдување на повреда на судење во разумен рок | БЗЗ/жалба во разумен рок |
| Начин на одлучување | седница на совет | Претседател на совет/Јавна седница/ седница на оддел | Претседател наа совет/одлучување на општа седница |
| Жалба на второстепена пресуда | Преиначена пресуда | одлука по претходно одржана расправа во АС | Доживотна казна затвор |

- Индикатори од управната област за постапување на Управниот суд и Вишиот управен суд

| УПРАВНА ОБЛАСТ | | | |
|---|---|---|---|
| Назив на индикаторот | Ниво на сложеност | | |
| | Едноставен | Сложен | Многу сложен |
| Постапување на Управниот суд | | | |
| Вид на донесена одлука | Решение за отфрлање на тужба поради формални недостатоци. Одлуки донесени врз основа на модел одлука. Решение за отфрлање на тужба поради неисполнување на услови за водење на управен спор до расправа Пресуда без списи Решенија за запирање на постапката Судско порамнување Пресуда за | Решение за враќање во поранешна состојба/ Поништувачка пресуда/ Потврдувачка пресуда | Пресуда со полна јурисдикција/ Пресуда за модел одлука/ Пресуда со кое се одлучува и за барање за надомест на штета или враќање на предмети |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | молчење на администрација | | |
| Писмени докази/исправи | 1 до 8 | 9 до 15 | Над 15 |
| Начин на одлучување | Управен спор без јавна расправа | Управен спор со јавна расправа | Управен спор со јавна расправа |
| Својство на одлучување | Судија поединец | Совет на судии Член на совет | Претседател на совет |
| Вонреден правен лек/ Повторување на постапка | Решение за отфрлање на предлогот за повторување на постапката | Постапување по предлог за повторување на постапка кој се однесува исклучиво на постапката пред Вишиот управен суд | Пресуда по предлогот за повторување на постапката |
| Број на вештачења | 1 до 2 | 3 до 5 | Над 5 |
| Сведоци/дигитални докази и снимки/видео конференција | 1 до 3 | 4 до 7 | Над 7 |
| Број на заинтересирани лица | 1 до 3 | 4 до 6 | Над 6 |
| Извршување на одлука | Решение за одбивање/ отфрлање на барањето за извршување | Одлука за замена на управен акт | |
| Број на тужители | 1 до 3 | 4 до 6 | над 6 |
| Број на тужби | До 1 | 2 до 5 | Над 5 |
| Претходно правно прашање | Решеиие за прекин на постапката заради претходно правно прашање | Одлучување по претходно правно прашање | |
| Постапување на Вишиот управен суд | | | |
| Одлуки | Отфрлање на жалба поради ненавременост, нецелосност и недозволеност и одрекување од | Решение за укинување на пресуда Пресуда со која се потврдува првостепената | Пресуда со полна јурисдикција Пресуда по одржана јавна |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | жалба<br>Пресуда без списи на предмет | пресуда<br>Пресуда за преиначување на одлука<br>Пресуда по повторување на постапка | расправа |
| Број на жалби | 1 до 2 | 3 до 5 | над 5 |
| Својство на одлучување | Член на совет кој одржува седница | Член на Совет кој одржува јавна расправа<br>Судија известител во совет кој одржува седница | Судија известител во совет кој одржува јавна расправа |
| Одговор на жалба | 1 до 2 | 3 до 5 | над 5 |
| Начин на одлучување | Седница на совет без одржување расправа | Седница на совет со одржување расправа | |

Член 25

Математичкото пресметување на сложеноста на предметите ги вкрстува следниве вредности:

- Сложеност на подобласт/стадиум во постапувањето (вредност 1 до 3)
- Тежинскиот фактор на процесниот индикатор (вредност 1 до 10)
- Бројот на процесни индикатори во конкретниот предмет
- Нивото на сложеност (едноставен, сложен, многу сложен).

Член 26

(1) Сложеноста на секој предмет ќе се пресмета квантитативно како функција од областа на која припаѓа судскиот предмет, бројноста и тежинскиот фактор различни процесни индикатори.
(2) Коефициентот на сложеност се добива на крајот од постапувањето, пред верификација на одлуката на судот.

Член 27

(1) Пресметувањето на сложеноста ќе се врши преку следнава формула:

$$S = \frac{0.9}{89}\left[\frac{K}{N}\sum_{i=1}^{N} TF_i PI_i - 1\right] + 0.1$$

(2) Појаснување на компонентите на формулата:

| Ознака | Објаснување |
|---|---|
| $S$ | сложеноста на предметот |
| $K$ | коефициент на сложеност на подобласта/ подобласт/стадиум во постапувањето/вид на постапка (коефициент помеѓу 1 и 3) |
| $N$ | вкупниот број на процесни индикатори за предметот |
| $TF_i$ | листа од тежински фактори на процесните индикатори (коефициенти помеѓу 1 и 10) |
| $PI_i$ | листа на нивоа на сложеност (едноставен, сложен, многу сложен). |

Член 28

Процесните индикатори во граѓанската, кривичната и управната материја се разликуваат и според квантитативни критериуми односно опис на дејствија, постапувања и одлуки за определување на различните нивоата на сложеност кај одделните процесни индикатори при што според квантитативно ниво на сложеност предметот може да биде:

- Едноставен – вредност 1,2, 3, 4
- Сложен – вредност 5, 6, 7, 8
- Многу сложен – вредност 9, 10

## 2. Преодни и завршни одредби

Член 29

Судскиот совет на Република Северна Македонија, со цел да се оддржува веродостојноста на Методологијата треба да врши проверка на вредностите добиени од страна на судиите во Република Северна Македонија за сложеноста на правната област и тежинскиот фактор на процесните индикатори најмалку еднаш во 4 години.

Член 30

Методологијата за сложеност се објавува на Интернет страницата на Судскиот совет на Република Северна Македонија наредниот ден по денот на нејзиното донесување.

**Бр.02-1395/1**
**07 септември 2021 година**
**Скопје**

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Павлина Црвенковска**